**УСЛОВИ ЗА ПРОМОТИВНАТА АКЦИЈА**

**VIVAX ВГРАДЕНА БЕЛА ТЕХНИКА – 3+2 години гаранција**

**Паком Компани Дооел Скопје.**, ЕМБС 4530861, со седиште на ул. Вангел Нечевски бр.43, Скопје-Бутел, организира промоција за VIVAX вградена бела техника, во рамки на која лица кои ќе купат кој било уред од VIVAX вградената бела техника на кое било продажно место на продажните партнери на VIVAX на територијата на Република Северна Македонија можат да остварат бенефиција наведена во овие Услови за промотивната акција VIVAX вградена бела техника – 3+2 години гаранција (во понатамошниот текст: Услови).

Сите крајни купувачи кои во периодот од 1 јули до заклучно 30 септември 2025 година ќе купат кој било уред од VIVAX вградената бела техника и ќе се регистрираат најдоцна 30 дена од датумот на купување на веб страницата **vivax.com**, стекнуваат право на 3+2 години фабричка гаранција.

Регистрацијата на веб страницата се врши со внесување на следниве лични податоци: име и презиме, адреса, град, држава, контакт е-маил адреса, назив на купениот модел уред, сериски број на уредот, продажно место каде е купен уредот, датум на купување и датум на онлајн регистрација.

Со регистрацијата на веб страницата, на крајниот корисник му се овозможува остварување право на дополнителна гаранција, а неговите лични податоци се обработуваат согласно одредбите на овие Услови и одредбите од Политиката за приватност на **Паком Компани Дооел Скопје.**
**Паком Компани Дооел Скопје** го задржува правото во секое време, од оправдани причини, да направи измени на овие Услови, со обврска истите без одлагање да ги објави.

**ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА СОБИРАЊЕ И ОБРАБОТКА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ**

Личните податоци на крајните корисници ќе бидат собрани и обработени во согласност со ова Известување, Условите за промотивната акција VIVAX ВГРАДЕНА БЕЛА ТЕХНИКА – 3+2 години гаранција, Правилата за приватност на Паком Компани Дооел Скопје, кои се достапни на следниот линк: Вградена бела техника - 5 години гаранција - VIVAX како и во согласност со важечките прописи на Република Северна Македонија за заштита на лични податоци.

Целта на собирањето на личните податоци на крајните корисници е проверка на исполнетоста на условите за учество во предметната промотивна акција, сè со цел исполнување на договорните обврски.
Личните податоци на корисниците како што се име, презиме, е-маил, адреса, кои ќе бидат собрани во рамки на оваа промоција, ќе бидат достапни на следните субјекти:

- Паком Компани Дооел Скопје во својство на контролор на обработката на личните податоци
- Договорните партнери на контролорот на обработката на личните податоци, односно подизведувачи во својство на обработувачи на личните податоци со цел евиденција на учесниците.

Паком Компани Дооел Скопје се смета за контролор на обработката во смисла на заштита на личните податоци на корисниците. Собирањето на личните податоци во рамки на оваа обработка се врши врз основа на договор. Во случај крајниот корисник да одлучи да не ги сподели своите лични податоци со Паком Компани Дооел Скопје, корисникот нема да ја оствари можноста за учество во предметната промотивна акција, односно нема да може да го оствари своето право на дополнителна гаранција.

Паком Компани Дооел Скопје ќе ги чува добиените лични податоци во период од пет години од моментот на нивното примање.
Паком Компани Дооел Скопје по барање на крајните корисници ќе им овозможи остварување на нивните права на пристап и преносливост, како и права на дополнување, исправка, бришење или ограничување на обработката на личните податоци, сè согласно условите од Општата уредба за заштита на податоците.
Барање за остварување на правата можете да поднесете до службеникот за заштита на податоците на **sales@pakom.com.mk** или во писмена форма на адресата на седиштето на Паком Компани Дооел Скопје со назнака „н/р службеник за заштита на податоци“. Доколку како испитаник не се согласувате со обработката на податоците и остварувањето на вашите права, можете да се обратите и до надлежниот надзорен орган за заштита на лични податоци или/и до водечкиот надзорен орган, кој во овој случај, поради прекуграничната обработка, се смета Агенцијата за заштита на личните податоци на Република Северна Македонија.

Сите други податоци и дополнителни информации поврзани со обработката на вашите лични податоци и соодветните права можете да ги најдете на линкот Правила за заштита на приватноста и личните податоци - VIVAX.

Во Скопје, 30.6.2025 година